ДОКУМЕНТ ЗА
ЈАВНА ПОЛИТИКА

# ИНИЦИРАЈ ШАНСА ЗА СИТЕ:

# ФЕР ПРИСТАП ДО МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

Национален младински совет на Македонија

Документ за
јавна политика

## ИНИЦИРАЈ ШАНСА ЗА СИТЕ:

# ФЕР ПРИСТАП ДО МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА

*Издавач:*
Национален младински совет на Македонија
ул. Вељко Влаховиќ, бр. 7/1-1, 1000 Скопје
www.nms.org.mk
info@nms.org.mk

*За издавачот:*
Бојан Петровски, претседател

*Автори:*
Филип Кулаков
Весна Радиновска

*Дизајн и печатење:*
Диги Принт

*Тираж:*
150 примероци

*Година на издавање:*
2020

Иницијативата на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) „Иницирај шанса за сите" е поддржана преку Програмата за зајакнување на граѓанското учество во законодавните процеси 2018-2020, раководена од Националниот демократски институт (НДИ), со финансиска поддршка на Агенцијата на САД за меѓународен развој.

Оваа публикација е подготвена од авторите и со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

Национален младински совет на Македонија

# ЗА НМСМ

*Националниот младински совет на Македонија* (НМСМ) е платформа која ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска меѓу сите засегнати страни и која обезбедува вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво. НМСМ е основан на 29 јуни 2013 година од 55 организации.

НМСМ е претставничко тело на младинските организации во Северна Македонија. Советот обединува сојузи, младински организации, организации за млади и подмладоци на други организации со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Република Северна Македонија.

Членството на НМСМ е разновидно обединувајќи организации што работат на национално и на регионално ниво, во рурални и во урбани средини, студентски организации, разграноци на меѓународни организации и други типови здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Северна Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичко и верско уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или која било друга форма на разлика.

# ЗА ИНИЦИЈАТИВАТА

Иницијативата „Иницирај шанса за сите“ е дел од Програмата за зајакнување на граѓанското учество во законодавните процеси раководена од Националниот демократски институт (НДИ), а со финансиска поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Цел на законодавната иницијатива е промена на начинот на регистрација на невработените млади лица (активни баратели на работа) во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија кои, согласно актуелниот Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, се должни лично да се јавуваат во Агенцијата на секои 30 дена.

# СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 6

ВОВЕД ........ 7

ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ........ 9
- Актуелна легислатива ........ 9
- Институционална практика ........ 10

ИСКУСТВО НА НМСМ СО ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ ........ 11

КОМПАРАТИВНИ МОДЕЛИ НА РЕГИСТРАЦИЈА ОД РЕГИОНОТ ........ 15
- Албанија ........ 15
- Босна и Херцеговина ........ 17
- Косово ........ 18
- Словенија ........ 19
- Србија ........ 20
- Црна Гора ........ 21
- Графички приказ ........ 22

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ........ 24

ЗАКОНСКО РЕШЕНИЕ ........ 27

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АВРСМ** - Агенција за вработување на Република Северна Македонија

**ГМ** - Гаранција за млади

**ЗВОСН** - Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност

**НМСМ** - Национален младински совет на Македонија

**ЕИ** - електронска идентификација

**НДИ** - Национален демократски институт

# ВОВЕД

По завршувањето на своето образование, сите млади лица пред да пристапат на пазарот на трудот прво се обраќаат во центрите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ). Станува збор за административна процедура со која секое лице за првпат влегува во евиденцијата на невработени лица и се стекнува со определени права и можности. Оваа постапка е регулирана со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Според членот 59-а од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, „невработеното лице е должно лично да се јавува во Агенцијата на секои 30 дена и да докаже дека активно барало работа во последниот месец, а друго лице кое бара работа на секои шест месеци".

Во согласност со наведениот член, личната регистрација предизвикува потешкотии за младите лица и за институциите, особено во поглед на:

- ограничување на можноста за вклучување во мерката Гаранција за млади, со оглед на тоа што условите за вклучување во неа предвидуваат заинтересираните лица првпат да се пријавиле во АВРСМ во актуелната година и активно да го потврдуваат својот статус секој месец, а во спротивно тие би биле избришани;
- процесот на регистрирање на сите невработени лица во АВРСМ што од неинформираност, финансиски, географски и други потешкотии не се во можност на секои 30 дена физички да се пријавуваат во канцелариите на АВРСМ;
- евиденцијата на невработени лица бидејќи актуелниот систем за евиденција на невработени лица не ги зема предвид околностите или причините поради кои барателите на работа не успеале да се пријават во АВРСМ во рок од 30 дена. Исклучително е важ-

но да се поседуваат валидни и вистински бројки и информации со цел јавната политика за вработување да биде прецизна, ефикасна и реална.

Врз основа на наведеното, Националниот младински совет на Македонија предлага интервенција во текстот на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со тоа што сметаме дека треба да се воведат алтернативни механизми за регистрација и потврдување на статусот на активен барател на работа во АВРСМ, кои би го надополниле начинот на месечно пријавување, со цел лицата да не бидат обврзани лично да ги посетуваат центрите за вработување на секои 30 дена.

# ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

## Актуелна легислатива

Во националното законодавство на Република Северна Македонија процесот на евидентирање, регистрација и бришење на лицата баратели на работа од евиденцијата е регулиран во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Во рамки на глава 3, Начин на водење на евиденцијата, упис и бришење на лицето од евиденцијата, стои членот 59-а, со кој е регулирана оваа материја.

### Член 59-а

**Невработеното лице е должно лично да се јавува во Агенцијата на секои 30 дена и да докаже дека активно барало работа во последниот месец, а друго лице кое бара работа на секои шест месеци.**

Невработеното лице што нема да ја исполни обврската од ставот 1 на овој член во рок од 30 дена по истекот на рокот на јавување утврден во индивидуалниот план за вработување се брише од евиденцијата на невработени лица и може да се пријави повторно по истекот на една година, а корисниците на права по основа на невработеност го губат и правото.

Невработеното лице што од Агенцијата е упатено кај работодавец заради вработување и не се јави или одбие да заснова работен однос на соодветно или погодно вработување во согласност со овој закон или одбие обука, преквалификација или доквалификација заради вработување се

брише од евиденцијата на невработени лица и може да се пријави повторно по истекот на една година.

Невработеното лице што не ги почитува преземените обврски во индивидуалниот план за вработување се брише од евиденцијата на невработените лица и може да се пријави повторно по истекот на една година.

Лицето што нема да прифати обука двапати во текот на две години се брише од евиденцијата на невработените лица. Невработеното лице што нема да ја извести Агенцијата за промените што влијаат врз стекнување и губење на правата, а од страна на инспекцискиот орган се затекне да работи спротивно на законот или одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи се брише од евиденцијата на невработени лица и може да се пријави повторно по истекот на една година. Инспекцискиот орган за овие лица е должен писмено да ги извести Центарот за социјална работа и Агенцијата.

Невработеното лице што од страна на инспекцискиот орган ќе се затекне да работи спротивно на законот прави прекршок.

## Институционална практика

Поради ситуацијата со коронавирусот во почетокот на 2020 година[1], Агенцијата за вработување на 1 април објави известување дека редовното пријавување на невработените лица на 30 дена, односно 6 месеци (вклучувајќи ги и корисниците на паричен надоместок и корисниците на социјална парична помош) е запрено сè до истекот на важење на донесените мерки за заштита од коронавирусот и тоа ќе биде оправдано.

1 Светската здравствена организација го прогласи КОВИД-19 за пандемија на 11 март 2020 година. Мерките што ги усвои Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширењето на КОВИД-19 можете да ги најдете интегрално на следниов линк: https://vlada.mk/covid19

Во известувањето беше наведено дека лицата на кои им престанал работниот однос во периодот на важење на мерките и лицата што првпат треба да се евидентираат како невработени лица можат да се пријават во надлежните центри за вработување.[2]

На тој начин АВРСМ покажува дека се потребни модификации во начинот на пријавување на невработените лица. Сепак, со воведувањето на оваа практика, во отсуство на можност за електронско пријавување на невработените, Агенцијата се доведува до ситуација да нема веродостоен извор на податоци за бројот на лица што бараат работа.

[2] Веб-страница на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија: https://www.vrabotuvanje.com.mk/Vest/6847/Soopshtenie-od-Agencija-za-vrabotuvanje/67/

# ИСКУСТВО НА НМСМ СО ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ

*Гаранција за млади* (Youth Guarantee) претставува сет владини мерки што имаат цел да гарантираат квалитетни услуги што им се нудат на младите во насока на вработување, континуирана едукација, доедукација, практика и обука.

Како модел *Гаранција за млади* првпат се забележува во Финска и во Скандинавија во 80-тите години и во 90-тите години на минатиот век. Низ годините, во различни земји се забележуваат различни облици на овој модел, во согласност со природата и различните потреби на пазарот на трудот.

На ниво на Европска Унија, *Гаранција за млади* во 2012 година станува дел од препораките за зголемување на вработеноста на младите до 25 години во земјите-членки кои ги предложува Европската комисија, на предлог на Европскиот совет и Европскиот парламент.

Република Северна Македонија се соочува со повеќедецениски проблем со висока стапка на младинска невработеност. Моменталната стапка на младинска невработеност е 47,6 %[3] и е директен причинител за големата желба за иселување, незадоволство и апатичност на младите луѓе во Македонија.

Владата на Република Северна Македонија, следејќи ја европската практика, во 2018 година започна со реализација на јавната политика *Гаранција за млади* (ГМ) со цел да им обезбеди на младите лица (15-29) што не се во образование, не се вработени и не се на обука (not in education, employment nor training - NEET) понуда за вработување, континуирано образование и обука или практика во период од четири месеци откако ќе станат невработени или ќе го напуштат училиштето. Условот за регистрација во Гаранција за млади е тоа да им е прво

---

[3] Pg. 57,World Bank Group Western Balkans Regular Economic Report No.14 Higher But Fragile Growth 2018

пријавување во АВРСМ, да се невработени и неангажирани. Планот за спроведување на ГМ е предвиден во две фази:

- **ФАЗА 1** (2018-2019 година). Во текот на првата фаза Владата на Република Северна Македонија:
  - воведува реформи на политиките што се потребни за да се овозможи спроведување на ГМ;
  - ги мапира неангажираните млади лица и нивните потреби, но и ја проценува инвестицијата потребна за целосна реализација на ГМ;
  - воспоставува партнерства за да стигне до неангажираните млади лица;
  - го проширува опсегот на достапните услуги и програми; го пилотира спроведувањето на Гаранција за млади во три пилот-центри за вработување со спроведување соодветни мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот што се совпаѓаат со потребите на младите лица што не се вработени, ниту се вклучени во образованието или обуката;
  - воспоставува систем за следење и обезбедување повратни информации од процесот на спроведување.

- **ФАЗА 2** (2020-2022 година). Втората фаза на спроведување на ГМ може да почне кога ќе се воведат клучните реформи на опишаните политики. Таа, главно, служи за приспособување на институционалните механизми за координација за да се зајакне обезбедувањето интегрирани услуги од ГМ и реализирање на ГМ за сите млади (15-29) што не се во образование, не се вработени и не се на обука во земјата.

Главен носител на оваа политика е Министерството за труд и социјална политика и се спроведува во партнерство со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Националниот младински совет на Македонија, а се вклучени и Министерството за образование и наука (МОН), Агенцијата за млади и спорт (АМС), Центарот за обра-

зование на возрасни (ЦОВ), Центарот за средно-стручно образование (ЦОО) и други институции[4].

За потребите на *Гаранција за млади* е изготвен Мастер-план за реализација, Акциски план за реализација на *Гаранција за млади* за 2018 година, а воспоставено е и Координативно тело за спроведување на *Гаранција за млади*, кое се состои од претставници на институции од извршната власт и НМСМ.

Улогата на НМСМ во рамките на *Гаранција за млади* беше да организира и да обезбедува услуги за теренска работа за неангажираните млади лица и да им помага да се регистрираат во системот за обезбедување услуги на *Гаранцијата*. Односно, станува збор за група млади што ги опфаќаат долгорочно невработените, младите лица кои само што влегуваат на пазарот на трудот, привремено страдаат од некаква болест, живеат со попречености или, едноставно, паузираат од работа или образование.

Врз основа на искуствата од теренската работа, НМСМ го лоцира членот 59-а од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност како особено неповолен за најранливите категории, кои истовремено се и целна група на мерката *Гаранција за млади*. Поради непојавување во Центарот за вработување, само во еден месец од реализацијата 170 млади лица беа избришани од евиденција и од *Гаранција за млади*. Дел од тие регистрирани лица немаа добиено понуда од АВРСМ во временската рамка предвидена со *Гаранција за млади* (4 месеци од регистрација во АВРСМ). Најчестата причина за непријавувањето се социо–економската положба на овие млади лица, недовербата во институциите и неможноста да ги покријат трошоците за патување до центрите за вработување, особено лицата што доаѓаат од руралните делови и места од општините. Младите лица што ќе бидат избришани од регистарот на активни баратели на работа, го губат правото за вклучување во *Гаранција за млади* од две причини:

- Гаранцијата предвидува лицата да добијат понуда за да влезат во некоја од мерките во рок од четири месеци, а со самото тоа што

[4] Мастер-план за Гаранција за млади, (2018)

се бришат по првиот месец немаат можност да добијат понуда во зададената временска рамка.

- Во *Гаранција за млади* можат да влезат само оние што првпат се пријавиле во АВРСМ во актуелната година, а со самото тоа што би се избришале по првиот месец лицата автоматски го губат овој статус.

Во последниот годишен извештај на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија[5], односно во извештајот за 2018 година, годината кога почна да се спроведува *Гаранција за млади*, се вели дека „успешноста на *Гаранција за млади* за 2018 година изнесува 41 процент". Во извештајот не се наведени причините за ваквиот, релативно, низок процент, но сметаме дека успешноста на *Гаранцијата* би била значително повисока доколку постои поинаков начин на пријавување на невработените лица наместо лично и на месечно ниво.

Дополнително, и Европската комисија во својот последен извештај за државата, објавен на 29 мај 2019 година[6], ја истакна важноста на *Гаранција за млади*. Конкретно, во извештајот се вели: „За да се унапреди функционирањето на пазарната економија, Северна Македонија треба особено ... да ја спроведе *Гаранција за млади* на целата територија на земјата, особено во помалку развиените региони". Ова е само уште еден показател за огромното значење од што е можно поефективна примена на *Гаранција за млади*, не само за подобрување на животниот стандард и, генерално, условите за живот за младите невработени лица, туку и, перспективно, за евроинтеграциските процеси на државата.

[5] Годишен извештај за 2018 година на АВРСМ, достапен на: https://av.gov.mk/content/Dokumenti/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88% D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%92%D0%A0%D0%A1%D0%9C%202018.pdf

[6] Достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf

# КОМПАРАТИВНИ МОДЕЛИ НА РЕГИСТРАЦИЈА ОД РЕГИОНОТ

## Албанија

Услугите што ги добиваат невработените лица во Албанија од надлежната Агенција може да се поделат во три категории: информации за слободни работни места; посредување при вработување и совети за кариерна ориентација.[7] Во Албанија, во согласност со платформата на Агенцијата за вработување на Албанија, невработените лица што бараат работа треба да се пријават лично во канцelариите за работа што се достапни во секоја општина еднаш месечно или повеќе пати во зависност од тоа колку пати се повикани од оваа институција. При секоја нивна пријава потребно е да носат и документација за сите апликации за работа што ги поднеле во изминатиот период.[8] Во однос на бришењето на барателите од евиденција нема достапен податок.

На електронската платформа (puna.gov.al), ажурирана од страна на Агенцијата за вработување на Албанија, се објавуваат нови работни места и заинтересираните можат да аплицираат електронски. Оваа опција е достапна само за лицата што се имаат регистрирано електронски на платформата. За да се регистрираат на платформата puna.gov.al и да ги користат услугите што ги нуди платформата, лицата треба да пополнат едноставен формулар со нивните лични податоци (име и презиме, физичка адреса, адреса за електронска пошта, датум на раѓање, матичен број и слично). Ако правилно и успешно го направат тоа, невработените лица добиваат акредитиви за најавување на порталот со својата електронска пошта. Откако ќе се најават на профилот, невработените лица можат да прикачат и кратка биографија, со што

---

[7] Извор: http://www.puna.gov.al/Sistemi%20i%20Sh%C3%ABrbimeve%20t%C3%AB%20Pun%C3%ABsimit.pdf

[8] http://www.puna.gov.al/Sistemi%20i%20Sh%C3%ABrbimeve%20t%C3%AB%20Pun%C3%ABsimit.pdf

значително можат да ги подобрат своите шанси за наоѓање работа. Во делот за наоѓање работа, на порталот puna.gov.al постои можност и за филтрирање на активните огласи за работа, кои може да се филтрираат според дејност, локација и датум на објавување. Доколку невработеното лице нема профил, сè уште ќе може да ги разгледува огласите, но нема да може да аплицира.

На интернет не може да се најдат податоци за санкционирање на лицата што не се пријавиле во утврдениот рок.

## Босна и Херцеговина

Според Правилникот за евиденција на невработените лица во Босна и Херцеговина[9], невработеното лице е должно лично и редовно да се пријавува во Службата за вработување, а најмалку еднаш во рок од:

- 30 дена, ако користи право на паричен надоместок и пензиско и инвалидско осигурување;
- 45 дена, ако остварува право на здравствено осигурување и
- 120 дена, ако не користи права во случај на невработеност.

Во членот 5 од Законот за посредување за вработување и социјална сигурност на невработените луѓе на Босна и Херцеговина[10] се наведени причините поради кои Службата за вработување престанува да води евиденција за невработеното лице. Меѓу одредбите на овој закон, како и на Правилникот за евиденција на невработените лица, не е наведено на кој начин се санкционира непријавувањето на невработеното лице во утврдениот рок.

[9] Привилник за евиденција на невработените лица, Службен весник на Федерацијата Босна и Херцеговина бр. 74/18 од 19.8.2018 година, достапен на: https://fmrsp.gov.ba/?wpdmpro=pravilnik-o-evidencijama-u-oblasti-zaposljavanja&wpdmdl=5038

[10] Законот за посредување за вработување и социјална сигурност на невработените луѓе на Босна и Херцеговина, Службен весник на Босна и Херцеговина бр. 41/01, 22/05 i 9/08, достапен на: http://www.upfbih.ba/uimages/DVADESET%20ZAKONA/Zakon20o20posredovanju20u20zapoC5A1ljavanju20i20socijalnoj20sigurnosti20nezaposlenih20osoba.pdf

Организацискиот систем на услугите за вработување го следи принципот на организација на Босна и Херцеговина, односно на државно ниво во областа на вработување и труд е поставена Агенцијата за труд и вработување, на ниво на ентитети се поставени бироата за вработување, а услугите за вработување се организирани на ниво на кантон.[11]

Дополнително, на кантонално ниво се регулирани посебни платформи што на барателите на работа им нудат соодветни можности за вработување, но законските одредби за регистрирање и потврдување на статусот важат подеднакво за сите кантони.

## Косово

Во Косово, во согласност со Законот за регистрација и понуда на можности за невработените, барателите на работа и работодавците[12], е предвидено граѓаните на возраст од 18 до 64 години што не се во работен однос, работат со неполно работно време или се суспендирани од работа да се регистрираат во системот на Агенцијата за вработување на Косово. Дополнително, постои можност во Агенцијата да се регистрираат и малолетни лица, конкретно граѓаните од 15 до 18 години, и како такви имаат посебен статус во системот.

Секој барател на работа има право да се регистрира во системот за електронски услуги на Агенцијата за вработување на Косово за да добие услуги за посредување при вработување. Регистрацијата преку системот за регистрација (EARS) во Агенцијата за вработување се врши со креирање личен профил во форма на кратка биографија. Притоа, барателите на работа мора да го користат нивниот профил барем еднаш во шест месеци. Во Законот не е утврдено која е санкцијата за неисполнување на оваа обврска.

[11] Извор: https://europa.ba/?page_id=664

[12] GAZETA ZYRTARE E REPUBLIKËS SË KOSOVËS / Nr. 26 / 21 korrik 2016, PRISHTINË - LIGJI Nr. 05/L -077 PËR REGJISTRIMIN DHE OFRIMIN E SHËRBIMEVE PËR TË PAPUNËT, PUNËKËRKUESIT DHE PUNËDHËNËSIT
https://aprk.rks-gov.net/sq-AL/Content/Documents?doctype=3&fbclid=IwAR32bs95bMK-dEFjslZT6w5MSkjjDry6jNZPa5zN_Gsc2IMm1B14FdJxE_S0

Тие што се регистрирани во Агенцијата за вработување на Косово добиваат помош при наоѓање работа, различни обуки за нивниот профил и информации за сите слободни места за работа според нивниот профил. Ваквите информации ги добиваат од страна на канцелариите за вработување или електронски.

Во однос на процесот на потврдување на статусот, лицата што се регистрирани во Канцеларијата за вработување како баратели на работа имаат обврска да се пријават лично најмалку еднаш во три месеци и да се појават во Канцеларијата за вработување кога ќе бидат повикани од институцијата за да се информираат за нови можности и активности на пазарот на трудот.

Во согласност со наведениот закон, доколку невработените пропуштат две последователни пријавување во Канцеларијата за вработување, ќе бидат избришани од системот, но можат повторно да се пријават без временско ограничување.

## Словенија

Во Словенија барателите на работа се регистрираат во Центар за вработување во зависност од тоа каде бараат работа и во зависност од близината на нивното живеалиште. Процесот на регистрирање се врши на следниве начини:

- Електронски, преку порталот PoisciDelo.si
- Лично, со пријавување во Центар за вработување
- Поштенски, со доставување пополнета апликација за регистрирање невработено лице или лице барател на работа на адресата на Центарот за вработување
- Преку авторизиран претставник, кој е овластен во туѓо име да презема определени дејства или постапки.[13]

[13] Веб-страница на словенечката служба за вработување, достапна на: http://english.ess.gov.si/jobseekers/registration_with_the_ess/register-of-the-unemployed

Ваквиот начин на опфаќање повеќе начини на регистрација евидентно резултира со голема инклузивност на сите невработени лица оставајќи простор тие да направат избор на начинот на кој можат да ја исполнат својата обврска за пријавување.

Словенечкиот закон за уредување на пазарот на трудот[14] не содржи одредба за рокот во кој активниот барател на работа треба да се регистрира во надлежната служба и да го потврдува својот статус, но утврдува дека се смета дека невработеното лице активно бара вработување доколку активно ги спроведува активностите од планот за вработување и ја контактира Службата за вработување во рок од 15 дена од истекување на периодот за извршување на последната активност утврдена во планот за вработување. Планот за вработување е писмен договор склучен меѓу невработеното лице и Службата за вработување. Како и да е, Законот не го уредува начинот на кој лицето стапува во контакт со Службата - лично, електронски, преку пошта и сл.

Во согласност со наведениот закон, лицето што е активен барател на работа ќе биде избришано од системот за евиденција на Службата за вработување доколку само побара да биде избришано или кога воопшто не ја контактира Службата за вработување во период од 6 месеци од моментот на регистрирање.

## Србија

Пријавувањето во Бирото за невработени во Србија се извршува исклучиво лично, во единици на Националната служба за невработени, во зависност од живеалиштето на барателот.[15]

Во случај барателот на работа да пропушти да се пријави во рок од три месеци во Бирото за вработување, постои санкција во форма на забрана за пријавување во следните шест месеци[16]. Меѓутоа, доколку

---

14 Закон за уредување на пазарот на труд, Службен весник на Република Словенија, бр. 80/2010, достапен на: https://www.ilo.org/dyn/natlex/docs/ELECTRONIC/89477/102807/F-392019526/Labour%20Market%20Regulation.pdf

15 https://beleske.com/sta-je-zapravo-cuveni-biro/

16

барателот задоцни со пријавувањето, постои опција да го контактира неговиот кариерен советник, назначен од Бирото, за да го информира за настанатата ситуација бидејќи ваквите санкции не се толку строги во сите општини.

Невработените имаат обврска лично да се јавуваат во Националната служба за да добијат известување за условите за вработување и посредување при вработување, во согласност со индивидуалниот план за вработување, а најмалку еднаш во три месеца, како и на секој повик на Националната служба.[17]

## Црна Гора

Во Црна Гора, идентично со начинот на регистрација во Република Северна Македонија, невработените лица лично се пријавуваат во единиците на Заводот за вработување, во зависност од местото на живеење на барателот.

Невработено лице е запишано во регистарот на невработени лица во Заводот за вработување, според местото на живеење, односно живеалиштето. Невработените лица се должни да одговорат на секој повик на Заводот за вработување, а најмалку еднаш за време од 45 дена лично за да се подготват за вработување. Повикувањето се извршува со писмена покана или по телефон, за што се составува писмена белешка. Доколку невработеното лице не се пријави во Службата за вработување во наведениот рок, престанува да се води евиденција за него. Во овој случај, невработеното лице не може повторно да се пријави во Заводот за вработување во рок од шест месеци од денот кога било отстрането од евиденцијата.

Другите баратели на работа се регистрираат како други баратели на работа според местото на живеење, односно престојување. Другите баратели на работа се пријавуваат во Службата за вработување нај-

---

[17] Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Службен весник на Република Србија, бр.. 36/2009, 88/2010, 38/2015, 113/2017 и 113/2017, достапен на: https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_zaposljavanju_i_osiguranju_za_slucaj_nezaposlenosti.html

малку еднаш на четири месеци. Други баратели на работа се лица што не се сметаат за невработени лица и што можат да се пријават во Службата за вработување за да обезбедат совети и информации за развој на кариерата и управување и посредување при вработување.[18]

Но, она по што се истакнува Црна Гора се мерките што ги презема за вклучување на маргинализираните групи во програмите за вработување. Затоа, особено е важно да се спомне дека една од мерките за остварување на една од целите на Заводот за вработување на Црна Гора, која се однесува на зголемување на учеството на Ромите и на Египќаните во програмите на активните политики за вработување, е ангажирањето соработник за социјална инклузија на Ромите и Египќаните во областа на вработување, т.е. посредник за вработување.[19]

Улогата на посредникот е да оди на терен, во заедници населени од целната група, со цел да ги информира за нивните права, за улогата на Заводот за вработување и за значењето и начинот на пријавување во евиденцијата на невработени лице. Задачите на ова лице опфаќаат и давање непосредна помош при процесите на регистрација во евиденцијата на Заводот, вклучување во активните политики за вработување и во други програми, да ги поттикнува на ажурност и редовност при пријавувањето во евиденцијата, како и да дава непосредна помош при процесите на барање работа.

## Графички приказ

Врз основа на наведените информации, следниве графикони ја прикажуваат сликата во однос на тоа колку од државите во регионот бараат од активните баратели на работа лично да го потврдуваат својот

[18] Закон за посредување при вработување и права во случај на невработеност, Службен весник на Црна Гора, бр. 024/19 од 22.04.2019, достапен на: http://www.zzzcg.me/wp-content/uploads/2019/11/Zakon-o-posredovanju-pri-zaposljavanju-i-pravima-za-vrijeme-nezaposlenosti-2.pdf

[19] Akcioni plan za socijalnu inkluziju Roma i Egipcana 2017-2020, достапен на: http://uom.me/wp-content/uploads/2018/01/Model-LAP-a-za-socijalnu-inkluziju-Roma-i-Egip%C4%87ana-2017-2020.pdf

статус или нудат и алтернативни методи, како и, дополнително, какви рокови предвидуваат за потврдување на ваквиот статус.

**Графикон 1:** Начини на потврдување на статус на невработени лица како активен барател на работа во државните служби за вработување во регионот




**Графикон 2:** Периоди на потврдување на статус на невработени лица како активен барател на работа во државните служби за вработување во регионот




Во однос на графикон 2, Босна и Херцеговина е вклучена и во категориите со 30 дена и со 45 дена, со оглед на тоа дека рокот зависи од тоа какви бенефиции користат од државата, поточно 30 дена ако користат право на паричен надоместок и пензиско и инвалидско осигурување, а 45 дена ако остваруваат право на здравствено осигурување.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Врз основа на досегашното искуство на НМСМ во рамки на Гаранцијата за млади и компаративните искуства од други европски земји, како и во интерес на сите млади во државата, потребна е промена на наведениот член од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, конкретно членот 59-а. Предлагаме промени што може да се применат барем алтернативно, а во најдобар случај и кумулативно. Во моментот, ставот 1 од членот гласи:

„Невработеното лице е должно **лично** да се јавува во Агенцијата на секои **30 дена** и да докаже дека активно барало работа во последниот месец, а друго лице кое бара работа на секои шест месеци".

Сметаме дека првата регистрација во центрите за вработување треба да биде со лично појавување на лицето што се регистрира. Сепак, според нас, Законот треба да се надополни и да содржи можност за потврдување на статусот на активен барател, покрај лично со физичко присуство во просториите на центрите за вработување на АВРСМ, и на други алтернативни начини:

- Електронско потврдување на статусот на активен барател на работа
- Потврдување на статусот на активен барател на работа преку овластен застапник
- Мобилни екипи на АВРСМ што би оделе двапати месечно во населени места што се оддалечени 10 километри или повеќе од постојниот Центар за вработување

Во насока на глобалните, а и националните заложби за дигитализација на јавните услуги, предлагаме да се воведе можност пријавувањето на невработените лица да се спроведува по електронски пат. Во моментов, во делот „електронски услуги" од порталот uslugi.gov.mk не е наведена услугата „пријавување невработено лице".

Притоа, во овој дел е наведена услугата „издавање потврда за евидентирано невработено лице“, но, иако оваа услуга се вбројува во електронските, во информациите за услугата се вели дека апликацијата со документите може да се достави на шалтер и усно, додека кај начин на доставување на услугата е наведено дека таа се подигнува лично. Притоа, не се достапни никакви информации за евентуалната електронска испорака на оваа услуга, освен тоа што е наведено дека за добивање на услугата е потребно ниско ниво на електронска идентификација.[20]

Дополнително, кај услугите „активни мерки за вработување“ и „услуги за вработување“ кои ги нуди Агенцијата за вработување, во делот „начини на доставување на услугата“ е наведено дека се подигаат лично, односно не постои можност за електронска испорака.

Електронското потврдување на статусот на активните баратели на работа значително ќе го поедностави и поевтини процесот на пријавување на економски немоќните, невработени млади лица, особено од руралните средини, а ќе го намали и административниот товар на вработените во центрите за вработување (ќе ги намали редиците за чекање и тензијата што се создава, но може и да претставуваат потенцијален извор на заразни болести како што е случај со пандемијата од коронавирусот). Секако, оваа можност би се користела паралелно со постојната и секое невработено лице би имало можност да избере кој начин е поприфатлив за него.

---

[20] Нивоата на eID се однесуваат на нивоата на веродостојност на потврдата на електронската идентификација во процесот на регистрација и најава. Системот на единствена најава (СЕН) ги поддржува следниве нивоа на eID: основен кориснички профил - корисничко име и лозинка; ниско ниво на eID - корисничко име и лозинка и високо ниво на eID - корисничко име, лозинка и сертификат за дигитално потпишување. За да можете да добиете една е-услуга, потребно е да имате eID најмалку на нивото со кое таа услуга е означена на јавниот дел на порталот.

Ниско ниво на eID подразбира дека во процесот на регистрација во одреден момент бил проверен и потврден физичкиот идентитет со ваше лично присуство, со приложување важечки документ за лична идентификација и со дополнителна проверка и потврда на вашите податоци во Централниот регистар на население (ЦРН). Врз основа на вашиот потврден физички идентитет, се креира вашиот eID на ниско ниво.

Најавата со ниско ниво на eID подразбира автентикација со корисничко име и лозинка. Ваквата најава се смета дека има ниско ниво на веродостојност бидејќи постои одредена веројатност некој да ги открие вашето корисничко име и лозинка.

Извор: uslugi.gov.mk

Во согласност со наведеното и во насока на обезбдување еднаков пристап на сите граѓани кон услугите на АВРСМ, препорачуваме да се воведе можност двапати месечно да се вршат теренски посети од страна на АВРСМ во средини што се оддалечени повеќе од 10 километри од најблискиот Центар за вработување. Ваквите посети значително би им го олесниле пристапот на најранливите категории до услугите што ги нуди Агенцијата и не би ги изложувале на дополнителни трошоци.

Сметаме дека се потребни и промени во рокот за пријавување на невработените лица, односно негово продолжување од **30 дена на 3 месеци**. Во согласност со регионалната практика од три месеци, ваквата можност значително би им го намалила финансискиот товар на невработените лица што живеат во рурални подрачја и би ги поттикнала редовно да се пријавуваат и да ги користат мерките што ги нуди Агенцијата. Даваме препорака условите за обновување на статусот да се приспособат на програмите што ги нуди Агенцијата.

Дополнително, поради предизвиците со кои се соочуваат корисниците на Гаранција за млади, сметаме дека е од особена важност давање законска рамка на самата мерка во истиот закон.

Во насока на зголемување на правичноста на услугите што им се нудат на невработените лица, неопходна е и промена во ставот 2 од истиот член, односно скратување на рокот во кој на невработените лица што не се пријавиле во рок од 30 дена во Агенцијата за вработување не им е дозволено повторно да се регистрираат како невработени. Засега, на овие лица не им е дозволено повторно да се пријават во Агенцијата во период од една година откако пропуштиле да се пријават. Земајќи ги предвид спецификите на оваа ранлива категорија, нивната потреба од институционална поддршка, но и регионалните искуства, ние предлагаме ваквиот рок, наместо една година, да трае шест месеци.

# ЗАКОНСКО РЕШЕНИЕ

Врз основа на наведеното, предлагаме интервенции во текстот на членот 59 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Според нас, интервенцијата во текстот би била следна:

### Член 59-а

Невработеното лице е должно да **се пријавува во** Агенцијата на секои **три месеци** и да докаже дека активно барало работа во последниот месец, а друго лице кое бара работа на секои шест месеци.

Невработеното лице може да изврши пријавување на следниве начини:

- Електронско потврдување на статусот на активен барател на работа
- Потврдување на статусот на активен барател на работа преку овластен застапник
- Преку пријавување кај мобилни екипи на АВРСМ кои двапати месечно посетуваат населени места што се оддалечени 10 километри или повеќе од постојниот Центар за вработување.

Невработеното лице што нема да ја исполни обврската од ставот 1 на овој член во рок од **три месеци** по истекот на рокот за пријавување утврден во индивидуалниот план за вработување, се брише од евиденцијата на невработени лица и може да се пријави повторно по истекот на **шест месеци**, а корисниците на права по основа на невработеност го губат и правото.

### Член 59-б (се додава)

Електронското потврдување на статусот на активен барател се извршува на веб- страницата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (https://av.gov.mk).

### Член 59-в (се додава)

Потврдувањето на статусот на активен барател на работа преку овластен застапник се извршува преку давање овластување за застапување (полномошно) на друго физичко лице од страна на невработеното лице во согласност со одредбите на Законот за облигациони односи.[21]

### Член 59-г (се додава)

Потврдувањето на статусот на активен барател на работа кај мобилни екипи на АВРСМ се извршува исклучиво во населени места што се оддалечени 10 километри или повеќе од најблискиот Центар за вработување.

[21] Закон за облигационите односи, Службен весник бр. 18/01, достапен на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-obligatsionite-odnosi-20-02-2001.pdf

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
“Св. Климент Охридски”, Скопје

331.5-053.6(497.7)

КУЛАКОВ, Филип
Иницирај шанса за сите : фер пристап до можности за сите невработени : документ за јавна политика / [автори Филип Кулаков, Весна Радиновска]. - Скопје : Национален младински совет на Македонија, 2021. - [27] стр. ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-65879-8-7

1. Радиновска, Весна [автор]
а) Пазар на труд -- Млади -- Вработување -- Македонија

COBISS.MK-ID 52896005